Назив на СЗ	**Физиотерапевтски техничар**
Код на СЗ	0610.40.07
Сектор	ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА
Ниво на сложеност на работни задачи	IV (четврто)
Опис на занимањето	Физиотерапевти се здравствени работници кои применуваат кинезиотераписки и физикални постапки во превентивни цели кај здраво население, како и кај трауматизирани, ортопедски, ревматолошки, невролошки , интернистички хронични пациенти во тераписки цели и рехабилитациони постапки, во примарна, секундарна и терциерна здравствена заштита. Сите овие тераписки постапки се пропишани од страна на лекар специјалист, дипломиран физиотерапевт. Во нивната работа применуваат физикални третмани какви што се: термотераписки, хидро и термо процедури, хидрокинетички методи како и електро, соно, фото, магнето терапија кои се дел од терапијата или профилаксата. Во тој процес, физиотерапевтот се грижи за општата состојба на пациентот, врши проверка пред, во тек и по терапијата, ја спроведува терапијата и се грижи за апаратурата. Покрај тоа, тој обезбедува рачна и апаратурна масажа за здравствени, фитнес и рехабилитациони цели. Физиотерапевтот реализира групни вежби во кинези сала за одредена болест или состојба и индивидуални вежби под надзор на член од здравствениот тим. Изведува основни антропометриски мерења, ги бележи и го следи напредокот на пациентот. Тој ја планира и организира работата во просторијата за медицинска рехабилитација и ги координира своите активности со здравствениот тим, ги подготвува соодветните апарати, инструменти, материјали и помошни средства за успешно спроведување на физикалната и кинезиотераписка процедура, ја проверува нивната исправност и ги отстранува помалите недостатоци. Уредно и прецизно води медицинска документација и евиденција и обработува податоци. Организира и учествува во здравствена едукација преку давање упатства, инструкции и препораки на пациент за одредени хигиенско-диететски мерки во тек и по спроведување на терапија, вежби и масажа како и запознавање на пациентот со физиотераписки и кинезиотераписки процедури пропишани од физијатар; Физиотерапевтскиот техничар работи ефикасно како дел од тим и во секое време, дејствува во рамките на должностите делегирани од страна на физијатарот или дипломираниот физиотерапевт и под негов надзор. Има навремен, совесен и одговорен пристап кон пациентите и работи во рамките на насоките за доверливост. Секогаш дејствува во рамките на надлежностите, следејќи ги релевантните стандарди и важечките протоколи, но истовремено е во можност да направи ревизија на својот начин на работа со цел да ги подобри своите знаења. Ја заштитува животната средина од негативните влијанија на искористените здравствени материјални средства.

Број	Функции на занимањето	Задачи на занимањето	Компетенции на занимањето
1.	Планирање и организирање работни активности	Планира и организира работа при реализација на кинезиотераписки и физикални процедури во соодветна просторија и ги координира активностите со здравствениот тим, пациентот и семејството во системот на примарна секундарна и терциерна здравствена заштита	1. Применува стандарди за работа во здравствена установа 2. Добива јасни целосни упатства и услови за реализација на физиотераписки, кинезиотераписки и рехабилитациони постапки 3. Проценува и дефинира време потребно за реализација на физиотераписки, кинезиотераписки и рехабилитациони процедури 4. Ги усогласува и прилагодува своите активности со активностите на здравствениот тим и барањата на пациентот 5. Ја подготвува и навремено ја ажурира медицинската документација 6. Бара согласност и одобрување од физијатар и дипломиран физиотерапевт за отпочнување на активностите за реализација на физиотераписки, кинезиотераписки и рехабилитациони процедури 7. Анализира евентуални ризици по здравјето на луѓето и безбедноста на животната средина и предвидува активности и мерки за нивна заштита 8. Опишува сопствена одговорност при реализација на физиотераписки и рехабилитациони постапки 9. Организира групи на пациенти за реализација на вежби
2.	Подготовка за работа	Спроведува сопствена подготовка за работа во медицинска установа	1. Врши хигиенско-епидемиолошка подготовка на терапевтот за асептична манипулација (соодветна униформа и обувки, заштитни медицински средства: маска, капа ракавици) 2. Спроведува хоспитална култура (собрана коса, уредни нокти, без накит, рацете на терапевтот да бидат без рани) 3. Правилно одржува лична хигиена на раце (обична и хируршка) 4. Користи средства за дезинфекција
		Подготвува работен простор за реализација на физиотерапевтска процедура	1. Ја подготвува и ја проверува исправноста на опремата, апаратурата 2. Подготвува сала, простор и средства за механотерапија и спроведување вежби 3. Избира реквизити потребни за изведувањето вежби

Број	Функции на занимањето	Задачи на занимањето	Компетенции на занимањето
3	Оперативни активности	Подготвува пациент за терапија за дијагностички, тераписки и рехабилитациони процедури	1. Врши процена на општата здравствена состојба на пациентот - витални и визуелни параметри (кожа, пулс, КП, дишење, свест, температура) 2. Мери, бележи и следи витални знаци 3. Визуелно прави инспекција и проценка на регијата и утврдува дозволеност на процедурата;
		Едуцира и советува пациенти	1. Го запознава пациентот со физиотераписките, кинезиотераписките и рехабилитационите техники пропишани од физијатар (начин, времетраење на изведување, можни компликации, очекувани ефекти, превенција) 2. Го запознава пациентот со очекуваните реакции во текот и по завршувањето на терапијата
		Применува различни техники на апликација на термотераписки процедури	**ТЕРМОТЕРАПИЈА** 1. **Спроведува парафанго, парафино, пелоидо и псамотерапија** - Правилно ракува со специјални садови за подготовка на смесата - Подготвува и пречистува парафинска, парафанго, пелоидна смеса; - Правилно постапува по завршената примена на апликација; 2. **Аплицира загреан воздух** - Правилно ракува со специјални апарати (Линдеманови) за примена на загреан сув воздух и спроведува постапка по апликација; 3. **Реализира термотераписка процедура - Сауна и Вибро сауна** - Подготвува сауна за апликација и формира група на пациенти во зависност од општата состојба на индикацијата и тераписката цел - Ракува со апаратите со кои се затоплува сауната - Мери телесната тежина на пациентот пред и по апликацијата, и следи реакции на пациент - Одржува хигиена на сауната - Обезбедува проверка на електро уреди 4. **Спроведува термотерапија со жешка пареа - парни компреси** - Подготвува парна компреса за апликација - Спроведува терапија и го контролира нејзиното времетраење 5. **Аплицира пареа со туш, општа парна купка и Руско-римско купатило**

Број	Функции на занимањето	Задачи на занимањето	Компетенции на занимањето
			- Го регулира притисокот, растојанието и температурата на водената пареа за апликација - Правилно ги спроведува терапиите и ги контролира температурата и времетраењето 6. **Велвет кревет** - Вклучува кревет и ја постигнува саканата температура - Ги следи и ги контролира пациентите - Подготвува кревет и околина за следна процедура 7. **Криотерапија** - Подготвува мраз за локална примена и изведува криомасажа на различни делови на телото - Дава инструкции, контролира и коригира пациент за авто-апликација; - Ја прекинува процедурата кога температурата локално ќе се спушти на 4-5 степени - Правилно применува техника на пакувања на замрзнати поливинилски влошки и контролира време на апликација - Применува и контролира техника на потопување (имерзија) на екстремитети во ледена вода, температура под 10 степени
		Применува различни техники на апликација на хидротераписки процедури	1. **Хидротермички процедури** - Ја прилагодува температурата на водата за општи и локални купки во зависност од видот на истата; - Аплицира Хауфова-прогресивна растечка, контрастна, наизменична купка - Правилно користи различни хидротермички процедури (наизменични купки, локално и општо полевање, влажно, врело и суво завиткување за цело тело, компреси во вид на ладни, топли и жешки облоги) 2. **Хидрокинетички процедури** - Аплицира туш како хидротераписка процедура; - Применува техника на подводна масажа почитувајќи ги принципите на венскиот крвоток и примената на соодветен притисок - Избегнува места на телото кои се контраиндицирани за примена на подводна масажа; 3. **Хидрохемиски процедури**

Број	Функции на занимањето	Задачи на занимањето	Компетенции на занимањето
			- Подготвува и аплицира купка во комбинација со вода и додаток на одредени хемиски и биолошки активни материи - Контролира состојбата на пациентот за време на апликацијата 4. **Балнео** - Го подготвува пациентот и го поставува во соодветната положба - Подготвува, вклучува апарат и ја регулира јачината на млазот на водата и воздухот следејќи ги реакции на пациентот 5. **„Hidrojet“** - Ја подготвува кадичката со вода и го поставува екстремитетот во кадичката за хидроџет; - Поставува параметри и го вклучува пациентот на апарат следејќи ги неговите реакции 6. **Џакузи базен** - Го подготвува базенот, го вклучува и ги следи реакциите на пациентот за време на третманот - Ја проверува и контролира температурата на водата
		Применува различни техники на апликација на електротерапија	1. **Галванотерапија** - Подготвува апарат за примена: врши контрола на исправноста на апаратот, ја проверува состојбата на проводниците од апаратот до пациентот и електродите - Познава и применува техники за одредување полови кај галванската струја и истите практично ги докажува - Изведува техники на примена на класична галванотерапија - Прави детална инспекција на кожа пред и по апликацијата 2. **Хидрогалвански процедури – четвороќелиска купка** - Го подготвува апаратот за апликација и ги полни кадичките со вода над електродите - Применува четвороќелиските купки: правилно ги поставува електродите и точно го пресметува времетраењето на апликацијата 3. **Галванска када** - Подготвува апарат: го проверува доводот и одводот за вода, нивото на водата на електородите и температурата на водата (36-37 степени)

Број	Функции на занимањето	Задачи на занимањето	Компетенции на занимањето
			- Детално ја прегледува кожата на целото тело и го дозира интензитетот на галванската струја 4. **Електрофореза на лекови** - Проверува постоење на алергија кај пациентот на лекот што се применува за електрофореза - Подготвува раствори на лекови што се користат по пат на електрофореза и апарат за апликација - Подготвува и аплицира гази за заштита на електродите, за електрофореза на соодветен лек; - Одредува должина на траење на електрофорезата за секој пациент во зависност од видот на лекот и неговата индивидуална поднесливост - Го проверува ефектот врз кожата по завршената примена 5. **Фарадизација** - Подготвува апарат и аплицира активна и инактивна електрода; - Одредува интензитет и пресметува потребно време за една апликација; 6. **Дијадинамички струи** - Подготвува, проверува исправност на апарат и применува различни техники на апликација(ганглиотропна примена, примена на болни точки, примена на болни точки по должина на нерв, вазотропна примена, сегментарна); - Прави инспекција на кожата на местата каде ќе се поставуваат електродите 7. **Интерферентни струи (четворополарна и биполарана техника)** - Правилно поставува електроди во потребен број и одбира соодветна фреквенција и времетраење на апликацијата - Спроведува адекватна фиксација на плочести и вакуум електроди; 8. **Дијатермија** - Подготвува апарат и пациент за апликација, избира соодветни електроди за примена; - Применува КБД на различни сегменти и зглобови на телото - Проверува исправност на апаратот и проводниците - Постапува правилно со пациентот по апликацијата (топлинскиот ефект) 9. **Микробранова дијатермија (радар терапија)**

Број	Функции на занимањето	Задачи на занимањето	Компетенции на занимањето
			- Правилно поставува антена кон објектот на зрачење и ја дозира топлината - Ја регулира излезната сила на апаратот (интензитет) и го одредува растојанието помеѓу рефлекторот и површината на телото - Презема мерки за заштита и самозаштита од рефлексија на микробрановите 10. **Транскутана електронервна стимулација (ТЕНС)** - Премачкува електроди пред апликацијата со гел паста и ги фиксира на местото на болка - Одредува интензитет врз основа на индивидуална осетливост на пациентот 11. **Високо фреквентни струи – Д'Арсонвализација** - Аплицира ВФС со локална и општа примена; - Ракува правилно со електроди при примена на стабилна и лабилна техника на апликација; - Спроведува превентивни мерки за заштита и самозаштита (креветот, столицата и пациентот не смеат да имаат метални делови)
		Применува различни техники на апликација на сонотерапија	1. Проверува исправност на апаратот непосредно пред апликација 2. Користи дополнителен прибор за апликација (тубус, стојалиште, рефлектор за субаквална примена) 3. Избира контактно средство за лабилна метода на примена на ултразвук; 4. Аплицира ултразвук со стабилна и лабилна метода 5. Третира со субаквална (индиректна) техника на ултразвукот дистални делови на сегментот (екстремитетот), 6. Владее со комбинираната примена на ултразвукот со дијадинамичните струи 7. Применува техниката на сонофореза
		Применува различни техники на апликација на фототерапија	**1. Инфрацрвени зраци** - Ја проверува исправноста на ламбата со инфрацрвени зраци и ја насочува под прав агол на одредена далечина; **2. Ултравиолетови зраци=УВЗ** - Одредува, толкува индивидуална осетливост на УВЗ (биодоза) и препознава степени на еритем; - Внесува потребни податоци за УВЗ методата во картонот на пациентот; - Ракува со биотрон лампа
		Применува	1. Аплицира магнетотерапија локално и

Број	Функции на занимањето	Задачи на занимањето	Компетенции на занимањето
		различни техники на апликација на магнетотерапија	општо; 2. Применува магнетотерапија при присуство на метал
		Применува различни техники на апликација на механотерапија	**1. Рачна, апаратурна, васкуларна масажа** - Го поставува и релаксира пациентот во соодветна физиолошка положба - Применува техники со основните зафати на рачна масажа: мазнење, триење, гмечење, лупкање, вибрации. - Изведува класична, спортска, акупресурна, арома масажа, масажа на сврзното ткиво и рефлексните зони и рачна лимфна дренажа - Користи инспекција и палпација за да утврди кои органи се болни - Поставува екстремитет на пациент во комора - Владее со техниката на масажа на сврзното ткиво почитувајќи ги при тоа индикациите и контраиндикациите; - Владее со техниките за примена на васкуларна масажа;
		Применува кинезиотераписки методи	1. Реализира самостојно групни вежби за одредена болест или состојба и индивидуални под надзор на виш, дипломиран физиотерапевт или лекар специјалист по физикална медицина и рехабилитација 2. Користи ритам и такт за спроведување на вежби, и набљудува и коригира пациент при изведба на истите; 3. Демонстрира и спроведува вежби за релаксација, истегнување, дишење и постурална дренажа, пасивни и активни вежби со различни видови на отпор и вежби во вода
		Изведува основни антрополошки мерења	1. Го следи и евидентира напредокот на пациентот за време на физиотерапијата преку: гониометриски испитувања, мерење должина и обем на екстремитетите.
4	Комерцијални активности	/	/
5	Административни активности	Пополнува работна документација	1. Уредно и прецизно ја води и пополнува пропишаната медицинска/ административна документација 2. Пополнува физиотерапевтски картон за евиденција на спроведена терапија 3. Користи ИТ
6	Активности на обезбедување на квалитет	Обезбедува навремена и целисходна здравствена услуга	1. Ги почитува и применува кодексите на здравствената етика 2. Има навремен, совесен и одговорен пристап кон пациентите

Број	Функции на занимањето	Задачи на занимањето	Компетенции на занимањето
			3. Проактивно учествува во здравствениот тим 4. Реализира работни задачи во партнерство со други со цел да им помогне на пациентите и чува професионална тајна 5. Ја следи општата состојба на пациентот и соодветно реагира при загрозување на здравствената состојба 6. Практикува медицина базирана на докази 7. Ги контролира и оценува резултатите на сопствената работа
		Работи професионално и се стреми кон личен професионален развој	1. Придонесува кон сопствениот план за развој преку развивање на сопствените вештини и знаења; 2. Работи во рамки на јасни и безбедни професионални граници и поседува способност за партнерство со цел да се поддржи поединецот
7	Одржување и поправање на опрема	Тековно ги одржува апаратите и инструментите	1. Познава и одржува апаратура за реализација на физиотераписки и кинезиотераписки третмани, според упатството на производителот 2. Контролира исправност и детектира дефекти на апаратите; 3. Заменува постојни делови со резервни делови од комплетот
8	Комуникација	Остварува комуникација со пациент, семејство и членови на здравствен тим во согласност со основни начела на деловна култура и здравствена етика	1. Применува принципи на здравствена етика за безбедноста и доверливоста на информациите за пациентот 2. Комуницира правилно со пациентот и неговото семејство запознавајќи го со дијагностичките, тераписките и рехабилитационите процедури и можните реакции на организмот; 3. Комуницира со пациентот во текот на манипулациите поради контрола , следење и корекција на истите 4. Зборува јасно, разговорно со стил и јазик близок до пациентот 5. Применува позитивна невербална комуникација со пациентите и деловна комуникација со здравствениот тим 6. Пополнува прецизно и концизно медицинска документација и евиденција 7. Развива емпатија помеѓу пациентот и здравствениот тим
9	Здравје, безбедност и заштита при	Спроведува правила за заштита на	1. Соодветно постапува со медицински материјали и апарати 2. Правилно отстранува медицински и

Број	Функции на занимањето	Задачи на занимањето	Компетенции на занимањето
	работа и зашита на животна средина	работна и поширока околина од негативното влијание на материјалите и работните средства	биолошки отпад 3. Одржува хигиена и ред на сопственото работно место 4. Применува заштитна опрема за заштита на здравјето и безбедноста при работа 5. Применува мерки за заштита од пожар 6. Применува мерки за заштеда на вода и енергенси

Знаење за занимањето / Вештини за занимањето
Знаење за занимањето: • Ја познава важноста на планирањето, подготовката и организирањето на работата во физиотерапевтската установа и организацијата на здравствената заштита (примарна, секундарна и терциерна) и улогата на физиотерапевтот во неа; • Ја објаснува улогата на физиотерапевтот како дел од здравствен тим во извршување на работни задачи со цел превенција, лекување и рехабилитација на различни видови пациенти • Опишува болничката соба, идентификува основни медицински инструменти, преврзочен материјал и набројува опрема; • Познава основни карактеристики на антисепса, асепса, стерилизација и дезинфекција • Објаснува подготовка на лек, раствор и апликација, и препознава негово несакано дејство; • Набројува состојби во геријатријата и ги поврзуваа со соодветни физиотерапевтски третмани; • Класифицира хируршки, интернистички и заболувања во детска возраст, објаснува етиологија, клиничка слика, симптоматологија и тераписки пристап кон типичните заболувања за кои е неопходен физиотераписки и кинезиотераписки третман; • Набројува и објаснува карактеристики и законитости во техниките за вежбање, индикации и контраиндикации при рекреативна и тераписка кинезитерапија; • Објаснува принципи на примена на кинезиотерапијата во терапија и профилакса при медицинска рехабилитација; • Ја поврзува ефикасноста на кинезиотерапијата со примена на физикални агенси • Познава природни и вештачки извори на физикални агенси и го поврзува нивното дејство и примена со одредена состојба или заболување; • Објаснува индикации и контраиндикации, начини на апликацијата, дозирање, опасности и можни грешки при употреба на физикалните агенси во физикалната терапија; • Објаснува подготовка на пациент за дијагностички, тераписки и рехабилитациони процедури • Опишува по редослед техники на апликација на термотераписки, хидротераписки, електротераписки, сонотераписки, фототераписки, магнетотераписки и механотераписки процедури; • Објаснува рехабилитациона терапија со индикации и контраиндикации и разликува процес на рехабилитација кај деца и возрасни; • Опишува различни техники на апликација на механотерапија, основни масажни зафати и нивно физиолошко дејство; • Набројува видови мануелна масажа, опишува индикации за нивна примена, познава контраиндикации и ги поврзува со другите видови терапија и лекување; • Опишува ортопедски помагала, протези и ортози, разликува намена и може да објасни начини за нивно користење • Опишува материјали, средства, инструментариум и специфична апаратура за апликација на физиотераписки, кинезиотераписки и рехабилитациони процедури и објаснува функција на нивни делови, начин на одржување и дејство врз организмот на

пациентот
- Познава стандарди и начини за заштита на животна средина и одржување на здрава и безбедна работна средина
- Знае мерки за лична заштита од физички, хемиски и биолошки агенси во просторија за физиотераписки, кинезиотераписки и рехабилитациони манипулации

Вештини за занимањето:

- Организира, планира и подготвува услови за работа во институција за физикална и кинезиотерапија;
- Администрира, евидентира и обработува податоци;
- Остварува соработка со членовите на здравствениот тим и со пациентите, почитувајќи ги принципите на деловната култура и етиката;;
- Применува екостандарди за рационално користење енергија, вода, потрошен материјал и заштита на животната средина со правилно фрлање на отпадниот материјал;
- Применува основни начела за асептична работа и заштитни мерки и средства за лична заштита од опасни материи;
- Организира и учествува во здравствена едукација преку давање на совети од физио-кинезиотерапија и медицинска рехабилитација препишани од физијатар;
- Спроведува термо и крио тераписки методи со сува и влажна топлина, во зависност од општата состојба на индикација и тераписката цел;
- Применува различни процедури за хидротермички, хидрокинетички апликации, како и хидротераписки методи со одредени хемиски и биолошки активни материи;
- Прегледува пациент пред и по аплицирана терапија и го следи за време на терапијата;
- Аплицира правилно електро терапија (галванска, хидрогалван, фарадеева, дијадинамична, интерферентна, КБД, ТЕНС, вискофреквентна струја) по налог на физијатар;
- Проверува пречувствителност за лекови, подготвува раствор за апликација и применува електрофореза
- Применува различни техники на апликација на соно и ИЦ терапија;
- Одредува биодоза и применува локална и општа УВЗ терапија;
- Аплицира локална и општа магнетотерапија;
- Правилно и по редослед изведува различни видови мануелна и апаратурна масажа;
- Реализира групни вежби во кинези сала за одредена болест или состојба самостојно, и индивидуални вежби под надзор на член од здравствениот тим;
- Подготвува, користи, контролира исправност и одржува современа апаратура и модерни техники за апликација на физикални и кинезиотераписки процедури;
- Изведува основни антропометриски мерења, ги бележи и го следи напредокот на пациентот
- Остварува континуирана едукација во струката и применува нови методи на работа, нови материјали, инструменти и апарати во физикалната медицина и рехабилитација;

Клучни компетенции	**Комуникација на мајчин јазик**: Способен е да споделува и толкува концепти, размислувања, чувства, факти и ставови во усна и во писмена форма, и да остварува јазична интеракција со пациентите и колегите на соодветен и креативен начин во различни општествени и културолошки контексти. Способен е да користи различни видови на текстови кои се однесуваат на доменот на здравствената заштита, да пребарува, собира и обработува информации, и да ги формулира и изразува сопствените усни и писмени аргументи на убедлив начин соодветен на контекстот.

	Комуникација на странски јазици: Кога постои потреба од користење странски јазик во специфичен општествен и културен контекст поврзан со работата, способен е да разбере, искажува, толкува концепти, размислувања, чувства, факти и ставови и во усна и во писмена форма. Способен е да го користи странскиот јазик со цел компетентно да го следи напредокот во професијата и да го надградува сопственото знаење и вештини во сферата на здравствената заштита. **Математички компетенции и основни компетенции во областа на науката и технологијата**: Применува нумеричко размислување и знаење во решавање на низа задачи за време на секојдневната работа со опремата и администрацијата. Користи и работи со технолошки алатки како и научни податоци за извршување на задачите и собирање на научни податоци потребни за самоунапредување (на знаењето и вештините) во полето на здравствената нега и заштита. Ги препознава основните карактеристики на научното истражување во областа на здравствената заштита и ги споделува заклучоците и размислувањата кои довеле до таквите заклучоци. **Дигитални компетенции**: Користи основна ИТ технологија со цел да ја обезбеди најдобрата можна здравствена заштита. Пребарува, собира и обработува дигитални информации и ги користи на критички и систематски начин. Користи алатки за подготовка, презентирање и разбирање на комплексни информации во изведувањето на дејностите на здравствениот работник. **Учи како да учи**: Способен е да пристапи, стекне, обработи и усвои ново знаење и вештини за цели на личен напредок, како и да ги примени истите за унапредување на праксата на здравствената нега и заштита. Способен е да управува со сопственото учење, кариерата и работните рутини. Истраен е во автономното учење но и во учењето за време на работата со соработниците во полето на здравствената нега и заштита. **Социјални/општествени и граѓански компетенции**: Во секојдневното опкружување каде што се обезбедува здравствена нега и заштита, способен е да манифестира лични, интерперсонални и интеркултурни компетенции за конструктивна комуникација со луѓе од различни профили, покажува толерантност, изразува и разбира различни гледишта и создава доверба. **Чувство за преземање иницијатива и претприемништво**: Покажува иницијатива за реализирање на важните идеи и нивно спроведување во дела со цел да се подобрат практиките на здравствената заштита. Способен е да ги препознае можностите и предизвиците за подобрување кај пациентите и колегите. Придонесува

	кон развојот на култура која ги поддржува и вреднува иницијативите и иновациите и ги препознава различните вештини на пациентите и членовите на тимот. **Културолошка свест и изразување**: Го препознава и го цени креативниот израз на идеи, искуства и емоции и соодветно ги поврзува со самоподобрувањето на пациентите и тимот за здравствена заштита. Ги приближува сопствените креативни и експресивни ставови со размислувањата на пациентите, членовите на нивните семејства и колегите и ги изразува на соодветен начин на кој ќе ја подобри нивната добросостојба

Посебни услови	

Законска регулатива, прописи и индустриски стандарди	• Закон за здравствена заштита

Донесен од:	Министерство за труд и социјална политика

Датум на одобрување	Решение бр.08-7765/9 Од 30.11.2017 година	**Датум на ревизија**	